КОМИСИЈА ЗА
СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД
ДИСКРИМИНАЦИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 12-618/3
16.07 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
# НАБАВКА НА УСЛУГИ – изработка и промоција на две национални кампањи на социјални медиуми

Скопје,
Јули, 2026 година

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација – КСЗД во рамките на проектот „VIOLET" кој е финансиран од Европската Унија, спроведува постапка за набавка на услуги за изработка и промоција на две национални кампањи на социјални медиуми.

Подетален опис на бараните услугите се наоѓа во спецификацијата во оваа документација.

Во прилог се наоѓа и кратко резиме на проектот, кое може да служи како насока за изработка на идејните решенија.

2. Рок за извршување на услугите

Потребно е да се испорачаат услугите до крајот на април 2028 година. *КСЗД го задржува правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачот во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект.*

3. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Понуда (образец во продолжение)

- Изјава со која понудувачот ги прифаќа условите од повикот за доставување понуди (образец во продолжение)

- **Техничка документација:**

- Тековна состојба на правното лице не постара од 6 месеци
- Профил на правното лице
- Предлог идејно решение со унифициран дизајн за двете кампањи:
  - Кратко видео за секоја кампања:

    1. Кампања за подигнување на свеста „**Што е сексуално вознемирување?**" Кампањата ќе се фокусира на подигање на свеста за сексуалното вознемирување, спроведена на платформите на социјалните медиуми (Фејсбук, Инстаграм и/или LinkedIn) и националните медиуми (ТВ/радио емисии, подкасти, статии во новински портали и списанија), а ќе вклучува и соработка со влогери, блогери и инфлуенсери.

    2. Кампања за подигнување на свеста „**Што да направите кога доживувате или сте сведок на сексуално вознемирување?"**
    Целта е изработка на национална кампања за подигање на свеста за соодветните одговори на сексуалното вознемирување. Ќе се фокусира на промена на постоечката култура кон нулта толеранција за сексуално вознемирување. Кампањата ќе се спроведува на платформите на социјалните медиуми (Фејсбук, Инстаграм и/или LinkedIn) и националните медиуми (ТВ/радио емисии, подкасти, статии во новински портали и списанија) и ќе вклучува соработка со влогери, блогери и инфлуенсери.

- Предлог дизајниран лифлет и брошура за двете кампањи
- Насоки - пораки за промоција на социјалните медиуми / план за серија постови
- Насоки - пораки за промоција на национални медиуми /предлог текстови
- Предлог соработка со влогери, блогери и инфлуенсери за поголема промоција на двете кампањи и предлог промо материјали за инфлуенсери на медиуми
- Предлог промо дизајн за изработка на 14 банери за двете кампањи
- Предлог дизајн за текстови на електронски портали (минимум 15)
- План за имплементација и временска рамка за промоција на кампањите се до април 2028 година
- Закуп на портали за промоција на сите содржини (предлог медиумски план со проценка на досег/reach, целна публика и временска динамика)
- Дизајн за лого на кампањите

- Листа со референци за изработка на слични активности, односно претходно изработени промотивни кампањи
- Линкови до post-ови, кампањи, примери од video/graphics за најмалку две претходно изработени видеа

Дополнителна спецификација:

Кратките насоки - пораки треба да бидат поврзани со целите на проектот, а се наменети за испраќање преку социјални медиуми наменети за пошироката јавност.
Изработката на промотивните видеа е потребна со цел промоција на содржината на кампањите на посочените теми во траење од 2 минути и кратка верзија од 30 секунди.
Видеата треба да содржат оригинални снимки (со текст) и да имаат превод и на албански јазик (со титли)
Да има верзии во сите ТВ формати и со висока резолуција.
Да е во формат кој може да се аплицира на веб портали и социјални мрежи.

- **Финансиска документација:**

- Финансиска понуда (согласно образецот на понудата подолу)

Идејните решенија треба да се достават на USB.

4. Изборот на добавувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда (60 бода за квалитативна понуда и 40 бода за финансиска понуда).

5. Услови и начин на плаќање

Плаќање: Начинот и условите на плаќање ќе бидат регулирани  со договор и по издадени 2 фактури за изработка на две кампањи, по потпишување на договорот 50% и 50 % по целосна реализација и прием на договорените услуги.

6. Набавката е неделива.

7. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува во писмена форма. Во понудата е потребно финансиската понуда да биде издвоена во посебен плик и да биде означена. Понудата се доставува во еден затворен плик (во кој ќе бидат содржани издвоени техничката и финансиската понуда) на кој во долниот лев агол треба да стои ознаката „НЕ ОТВОРАЈ" и бројот на повикот .... (деловоднички број) на кој се однесува понудата. Понудата се доставува во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Пликот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот – понудувачот.

Краен рок на доставување на понудите е до 07.08.2026 **година**,  најдоцна до 14.00 **часот**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта на КСЗД, violet@kszd.mk, најдоцна до 03.08.2026 година.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.

Избраниот понудувач е должен, најдоцна при конечниот прием на услугите, на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ѝ ги предаде сите финални и изворни, односно уредливи работни датотеки и материјали создадени во рамките на договорот, вклучително и графички решенија, видеа, анимации, текстови, фотографии, аудиоматеријали, фонтови и други елементи за кои има право на пренос, како и датотеки изработени во Adobe Illustrator, Photoshop, InDesign, Premiere, After Effects, Canva или други користени формати. Предавањето на овие материјали претставува услов за конечен прием на услугите и исплата на последната рата.

Со целосната исплата на договорената надомест, сите имотни авторски права и сродни права врз изработените материјали, без територијални и временски ограничувања, преминуваат на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, која има право да ги користи, објавува, репродуцира, адаптира, преведува, изменува и дистрибуира за потребите на проектот VIOLET и за други активности поврзани со остварувањето на своите законски надлежности, без дополнителен надомест за понудувачот.

Понудувач: ________________________________

Архивски број и датум: ________________________

ДО: ____________________________________________________

(*назив на набавувачот и негово седиште*)

**П О Н У Д А**

Број на повикот ________________

Датум ________________

По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда со сета барана придружна документација.

Согласни сме да ги обезбедиме следните услуги, во согласност со тендерската документација:____________________________________________________
(*се наведува предметот на набавката*).

Нашата понуда важи за периодот утврден во документацијата.

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во документацијата.

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________
- Телефон: ___________________________________________________
- Е-пошта: ___________________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________________________

Одговорно лице на понудувачот

____________________________

**Дел II – Финансиска понуда (во посебен плик)**

Вкупната цена на нашата понуда, исклучувајќи какви било попусти изнесува: _______________________________________________ (*се наведува вкупниот износ без ДДВ – проектот е ослободен од ДДВ*).

Понудуваме извршување на услугите согласно нашата финансиска понуда дадена во табелата:

| Р. бр. | Опис на производ/услуга | Единечна цена без ДДВ | Количина | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Видео за Кампања за подигнување на свеста „**Што е сексуално вознемирување**? | | | |
| 2 | Видео за Кампања за подигнување на свеста „**Што да направите кога доживувате или сте сведок на сексуално вознемирување?“** | | | |
| 3 | Предлог дизајниран лифлет и брошура за двете кампањи | | | |
| 4 | Насоки за промоција на социјалните медиуми | | | |
| 5 | Насоки за промоција на национални медиуми | | | |
| 6 | Предлог соработка со влогери, блогери и инфлуенсери | | | |
| 7 | Предлог промо дизајн за изработка на 14 банери за двете кампањи | | | |
| 8 | Предлог дизајн за текстови на електронски портали (минимум 15) | | | |
| 9 | План за имплементација и временска рамка за промоција на кампањите се до април 2028 година | | | |
| 10 | Дизајн на лого за кампањите | | | |
| 11 | Закуп на портали и медиумски план за промоција на сите содржини (со проценка на досег, целна публика и временска динамика) | | | |
| **Вкупно** | | | | |

Плаќање: Согласно договор и по издадени 2 фактури за изработка на две кампањи, по потпишување на договорот 50% и по завршување на сите активност 50% .

Одговорно лице на понудувачот

_______________________________

**И З Ј А В А**

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме сите услови од тендерската документација за набавка на _______________________ *(се наведува предметот на набавката)*, по повик бр.________ *(се наведува бројот на повикот)* врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда. Согласни сме тие услови во целост да претставуваат составен дел на договорот.

Изјавуваме дека против нас не е поведена стечајна постапка и немаме забрана за вршење на дејност.

На ваше барање ќе ви ги доставиме сите документи утврдени во барањето за понуди потребни за докажување на исполнувањето на овие критериуми.

Место и датум

Понудувач

___________________________

Потпис и печат

**ПРИЛОГ – КРАТКО РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ**

Проектот VIOLET се спроведува од страна на националните тела за еднаквост и недискриминација, граѓанските организации и универзитети во времетраење од 36 месеци со 8 партнери кои покриваат 5 држави – Словачка, Литванија, Албанија, Португалија и Северна Македонија . Проектот е финансиран од страна на Европската Унија во рамки на програмата ЦЕРВ.
Проектот има за цел да придонесе за безбедна работна средина без сексуално вознемирување (СЗ) и насилство на четири нивоа: (1) организациско - имплементација на програми за превенција засновани на докази, вклучувајќи механизми за жалби на работните места во избрани сектори, (2) институционално - структурно - соработка меѓу телата за еднаквост, трудовите инспекторати, синдикатите и другите засегнати страни за да се постигне зголемена стапка на пријавување, заштита на жртвите и спречување на распространетоста на СЗ, (3) правно - предлог за посилна правна заштита од СЗ врз основа на правни анализи, студии на случаи и мапирање на постојните празнини и (4) индивидуално - зголемена свест за достапните законски мерки и чувствителност кон формите на СЗ од страна на пошироката јавност.
За да се постигне влијание на повеќе нивоа, во проектот се дефинирани четири столба/општи цели:

Столб 1 - СЕОПФАТЕН УВИД
Столб 2 - БЕЗБЕДНО РАБОТНО МЕСТО
Столб 3 - СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ
Столб 4 - ЈАВНА СВЕСТ

Проектот се фокусира на постигнување на следните специфични цели:

SO1: Зајакнување на капацитетите на институциите за справување со сексуалното вознемирување и сексуално насилство и зголемување на влијанието на нивната работа
SO2: Зголемување на разбирањето за распространетоста на сексуалното вознемирување и сексуалното насилство на работното место, вклучувајќи ги факторите на ризик, пречките за пријавување и практиките за превенција на работните места
SO3: Зголемување на безбедноста на работните места преку превентивни мерки имплементирани на организациско ниво
SO4: Зголемување на ефикасноста на националните политики и соработката на клучните актери
SO5: Зајакнување на правната заштита од сексуалното вознемирување и сексуалното насилство на работното место.

Во таа насока, дел од активностите кои се планирани се:

- Анализа на правната рамка и судската пракса (квантитативни судски податоци и квалитативна анализа на случаи) за да се идентификуваат потенцијални празнини во

заштитата на жртвите на сексуално вознемирување (вклучувајќи родово-базирано вознемирување, непосакувано сексуално внимание и сексуална принуда);

- Работилници за судии и правни практичари со цел презентирање на наодите од анализата на правната рамка и судската пракса;
- Спроведување на национално истражување за распространетоста на сексуалното вознемирување на работно место, вклучително и други форми на дискриминација (родово-базирана дискриминација) и сексуално насилство;
- Националното теренско истражување (анкетирање) на целна група, во РСМ во областа на образованието (основни и средни училишта);
- Две работилници за презентирање на наодите на националните засегнати страни со посебен фокус на актерите во соодветните сектори на вработување, и тоа наоди во врска со факторите на ризик, групите изложени на ризик, идентификацијата на пречките за пријавување на случаите во организациите, свеста за улогата на засегнатите страни и идентификацијата на општествените групи со поголема/помала чувствителност кон формите на сексуално вознемирување;
- Наодите од Националното истражување и Анализата на правната рамка и судската пракса, вклучително со обработката и толкувањето на собраните податоци од теренското истражување и препораки за засегнатите страни и професионалците во областа за зајакнување на заштитата на жртвите на вознемирување, сексуално вознемирување и РН на работното место, ќе бидат објавени во Национален извештај кој ќе биде дел од Транснационален извештај;
- Врз основа на Транснационалниот извештај, ќе се развие пилот програма за имплементација на превентивни мерки кои би вклучувале внатрешна ревизија, ажурирање или развој на интерни документи (етички кодекси, интерни прописи за вработените и сл.), имплементација на интерни механизми за поплаки, зголемување на различноста на работното место (родово сензитивна, инклузивна) и здрави односи на работното место;
- Пилот програмата ќе биде национално адаптирана и истата ќе биде имплементирана од страна на работодавачи во консултации и под мониторинг на спроведувачите на проектот;
- Ќе се развијат онлајн алатки за умножување и понатамошно имплементирање на пилот програмата;
- Ќе се изработи мониторинг извештај за имплементацијата на пилот програмата кај работодавачите;
- Врз основа на проценката за функционирањето на институционалната заштита од сексуално вознемирување на работните места и меѓусебната соработка на институциите за заштита од сексуално вознемирување, содржана во Националниот извештај, ќе се реализираат на национално ниво две тркалезни маси со релевантните јавни институции и други релевантни засегнати страни (синдикати и сл.), на кои ќе се презентираат резултатите од пилотирањето на превентивните програми содржани во мониторинг извештајот;
- Ќе се развијат препораки за зајакнување на правните рамки во однос на ефективни институции и нивна меѓусебна соработка;
- Континуирано ќе се реализираат активности за видливост на проектот согласно Комуникациски план;

- Ќе се реализираат две кампањи за подигнување на свеста на национално ниво, во однос на разбирање на тоа што е сексуалното вознемирување и за тоа што можат да направат жртвите на сексуалното вознемирување.

**Проектна задача**

**за набавка на услуги за изработка и промоција на две кампањи на социјални медиуми подготвени во рамки на проектот „VIOLET" кој е финансиран од Европската Унија, и се реализира од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)**

## 1. ВОВЕД

### 1.1. Позадина на задачата и проектот

Проектот „VIOLET" од страна на националните тела за еднаквост, граѓанските организации и универзитетот има за цел да придонесе за безбедна работна средина без сексуално вознемирување и насилство на четири нивоа:

(1) организациско - имплементација на програми за превенција засновани на докази, вклучувајќи механизми за жалби на работните места во избрани сектори,
(2) институционално/структурно - соработка меѓу телата за еднаквост, трудовите инспекторати, синдикатите и другите засегнати страни за да се постигне зголемена стапка на пријавување, заштита на жртвите и спречување на распространетоста на СЗ,
(3) правно - предлог за посилна правна заштита од СЗ врз основа на правни анализи, студии на случаи и мапирање на постојните празнини и
(4) индивидуално – зголемена свест за достапните законски мерки и чувствителност кон формите на СЗ од страна на пошироката јавност

За да се постигне влијание на повеќе нивоа, во проектот се дефинирани четири столба/општи цели:

Столб 1 - СЕОПФАТЕН УВИД
Столб 2 - БЕЗБЕДНО РАБОТНО МЕСТО
Столб 3 - СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ
Столб 4 - ЈАВНА СВЕСТ

Проектот се фокусира на постигнување на следните специфични цели:

SO1: Зајакнување на капацитетите на институциите за справување со сексуалното и физичкото насилство и зголемување на влијанието на нивната работа
SO2: Зголемување на разбирањето за распространетоста на сексуалното и физичкото насилство на работното место, вклучувајќи ги факторите на ризик, пречките за пријавување и практиките за превенција на работните места
SO3: Зголемување на безбедноста на работните места преку превентивни мерки имплементирани на организациско ниво
SO4: Зголемување на ефикасноста на националните политики и соработката на клучните актери
SO5: Зајакнување на правната заштита од сексуалното и физичкото насилство на работното место.

### 1.2. Позадина на проектот „VIOLET"

Проектот „VIOLET" кој е финансиран од Европската Унија, и е спроведуван од страна на 8 партнери од различни земји и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)

од Северна Македонија. Проектот е фокусиран на имплементацијата на своите зацртани цели утврдени во Договорот за грант.

Активностите на проектот се внимателно поставени за да се одговори на потребата за подобрување на условите за обезбедување на заштита и разбирање на сексуалното и физичкото насилство на работното место.

Во таа насока, дел од активностите кои се планирани се:

- Анализа на правната рамка и судската пракса (квантитативни судски податоци и квалитативна анализа на случаи) за да се идентификуваат потенцијални празнини во заштитата на жртвите на сексуално вознемирување (вклучувајќи родово-базирано вознемирување, непосакувано сексуално внимание и сексуална принуда);
- Работилници за судии и правни практичари со цел презентирање на наодите од анализата на правната рамка и судската пракса;
- Спроведување на национално истражување за распространетоста на сексуалното вознемирување на работно место, вклучително и други форми на дискриминација (родово-базирана дискриминација) и сексуално насилство;
- Националното теренско истражување (анкетирање) на целна група, во РСМ во областа на образованието (основни и средни училишта);
- Две работилници за презентирање на наодите на националните засегнати страни со посебен фокус на актерите во соодветните сектори на вработување, и тоа наоди во врска со факторите на ризик, групите изложени на ризик, идентификацијата на пречките за пријавување на случаите во организациите, свеста за улогата на засегнатите страни и идентификацијата на општествените групи со поголема/помала чувствителност кон формите на сексуално вознемирување;
- Наодите од Националното истражување и Анализата на правната рамка и судската пракса, вклучително со обработката и толкувањето на собраните податоци од теренското истражување и препораки за засегнатите страни и професионалците во областа за зајакнување на заштитата на жртвите на вознемирување, сексуално вознемирување и РН на работното место, ќе бидат објавени во Национален извештај кој ќе биде дел од Транснационален извештај;
- Врз основа на Транснационалниот извештај, ќе се развие пилот програма за имплементација на превентивни мерки кои би вклучувале внатрешна ревизија, ажурирање или развој на интерни документи (етички кодекси, интерни прописи за вработените и сл.), имплементација на интерни механизми за поплаки, зголемување на различноста на работното место (родово сензитивна, инклузивна) и здрави односи на работното место;
- Пилот програмата ќе биде национално адаптирана и истата ќе биде имплементирана од страна на работодавачи во консултации и под мониторинг на спроведувачите на проектот;
- Ќе се развијат онлајн алатки за умножување и понатамошно имплементирање на пилот програмата;
- Ќе се изработи мониторинг извештај за имплементацијата на пилот програмата кај работодавачите;
- Врз основа на проценката за функционирањето на институционалната заштита од сексуално вознемирување на работните места и меѓусебната соработка на институциите за заштита од сексуално вознемирување, содржана во Националниот извештај, ќе се реализираат на национално ниво две тркалезни маси со релевантните јавни институции и други релевантни засегнати страни (синдикати и сл.), на кои ќе се презентираат резултатите од пилотирањето на превентивните програми содржани во мониторинг извештајот;
- Ќе се развијат препораки за зајакнување на правните рамки во однос на ефективни институции и нивна меѓусебна соработка;

- Континуирано ќе се реализираат активности за видливост на проектот согласно Комуникациски план;
- Ќе се реализираат две кампањи за подигнување на свеста на национално ниво, во однос на разбирање на тоа што е сексуалното вознемирување и за тоа што можат да направат жртвите на сексуалното вознемирување.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на мисијата/задачата

Во рамки на проектот ќе се спроведе повик за набавка на услуги за изработка и промоција на две кампањи на социјални медиуми.

Конкретната цел на задачата е да се ангажира компанија која ќе предложи креативни идејни решенија за 2 кампањи како и голема содржина на креативни постови за промоција преку социјални медиуми за значењето, заштитата и разбирањето за сексуално вознемирување на работно место и превенција од истото.

Кампања 1 – **„Што е сексуално вознемирување? “**

Кампања 2 – **„Што да направите кога доживувате или сте сведок на сексуално вознемирување? “**

### 2.2. Очекувани резултати и активности на мисијата

**Од компанијата која ќе биде ангажирана се очекува да ги испорача следниве резултати:**

а) Да подготви 2 видеа за 2 одделни кампањи, а сепак многу блиски по содржина. Кампања за подигнување на свеста „**Што е сексуално вознемирување**?“ која ќе се фокусира на подигање на свеста за сексуалното вознемирување и Кампања за подигнување на свеста **„Што да направите кога доживувате или сте сведок на сексуално вознемирување?“** замислена како национална кампања која има за цел подигање на свеста за соодветните одговори на сексуалното вознемирување. Промена на постоечката култура кон нулта толеранција за сексуално вознемирување.
Во текот на ангажманот на компанијата се очекува да се испорачаат сите активности наведени во тендерската документација. За времето на испораката на поединечните резултати добавувачот тековно ќе се договора со корисникот.
Двете кампањи треба да бидат:

- Пресликани преку 2 видеа во времетраење од околу од 2 минути и кратка верзија од 30 секунди.,
- двојазични на македонски и албански, односно видеото да е изработено на македонски јазик, превод (титл) на албански јазик да оди како пишан текст под сликата,
- да креирааат позитивно влијание во општеството односно да се едукативни и поучни за превенција и спречување на вакви појави на сексуално вознемирување
- да обезбеди видливост на КСЗД како носител на кампањите и на проектот преку кој се финансира.

б) Да се изработат сите наведени активности од страна на компанијата

- Предлог дизајниран лифлет и брошура за двете кампањи
- Насоки - пораки за промоција на социјалните медиуми / план за серија постови
- Насоки - пораки за промоција на национални медиуми /предлог текстови
- Предлог соработка со влогери, блогери и инфлуенсери за поголема промоција на двете кампањи и предлог промо материјали за инфлуенсери на медиуми
- Предлог промо дизајн за изработка на 14 банери за двете кампањи
- Предлог дизајн за текстови на електронски портали (минимум 15)
- План за имплементација и временска рамка за промоција на кампањите се до април 2028 година
- Закуп на портали за промоција на сите содржини (предлог медиумски план со избор на портали, проценка на досег (reach), целна публика, фреквенција на објавување и временска динамика.)
- Дизајн за лого на кампањите

**2.3. Испорака на очекуваните резултати**

За сите активности и резултати, компанијата ќе соработува со проектниот тим од КСЗД и ќе договара подетални информации.

***КСЗД го задржува правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачот во зависност од претходно реализираните активности во рамките на овој проект.***

**Авторските права на изработените видеа се сопственост на КСЗД.**

**3. ОРГАНИЗАЦИЈА**

**3.1. Организација која ќе ја спроведе задачата**

За оваа задача ќе се ангажира компанија која треба да има регистрирана дејност за снимање/изработка на видеа или релевантна област, да има искуство во снимање/изработка на видеа и изработка на содржини и промоција на слични кампањи (се докажува Листата со референци за претходни активности на правното лице поврзани со барањето на овој повик и претходно изработените видео спотови, најмалку две).

**3.2. Временска рамка за спроведување на задачата**

Планиран краен рок за извршување на задачите е до 30 април 2028 година.

**3.3. Логистика**

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на КСЗД ќе биде обезбедена следнава поддршка:

КСЗД проектен менаџер – достапен во текот на целата мисија

**3.4. Плаќање**

Начинот и условите за плаќање ќе бидат регулирани со договорот што ќе се склучи со избраниот понудувач.

### 3.5. Документација

Во функција на успешно извршување на задачата на компанијата ќе и биде ставена на располагање сета потребната документација со која располагаат КСЗД во врска со релевантниот проект.